20261341924

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

Бр. 08-4047/1
11 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” број 135/2007, 17/2008, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), во член 49 став 2 во алинејата 1 по зборовите: „урбанистички план“ се додаваат зборовите: „или проектна програма за изработка на урбанистички проект“.

Ставот 6 се менува и гласи:

„Предмет на постапка за пренамена може да биде земјоделско земјиште во државна сопственост, освен земјоделското земјиште од ставот 7 на овој член.“.

Ставот 7 се менува и гласи:

„Во случај на изградба на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија согласно со прописите од областа на урбанистичкото планирање, предмет на постапка за пренамена не може да биде земјоделско земјиште со катастарска класа I, II, III и IV.“.

Во ставот 8 по зборовите: „урбанистички план“ се додаваат зборовите: „или урбанистичкиот проект“.

Ставот 13 се менува и гласи:

„Предмет на пренамена може да биде и земјоделско земјиште во приватна сопственост, согласно со одредбите од ставовите 6 и 7 на овој член.“.

Член 2

Започнатите постапки за пренамена на земјоделско земјиште по барањата поднесени преку информацискиот систем е-урбанизам, односно поднесените барања за мислења по урбанистичките планови и урбанистичките проекти, за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон е одобрена планската или проектната програма, ќе завршат согласно со Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” број 135/2007, 17/2008, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24).

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.